РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-1388/1
12-02-2015 20 год.
СКОПЈЕ

Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-2590
16. 02. 2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 39 став (10) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија„ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14 и 160/14), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-базалт на Градежното друштво "ГРАНИТ" АД Скопје на локалитетот "Зебрњак", општина Куманово и општина Старо Нагоричане, бр.42-2055/5 од 11.11.2014 година (Службен весник на Република Македонија бр.178/14) и Одлуката за изменување на Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-базалт на Градежното друштво "ГРАНИТ" АД Скопје на локалитетот "Зебрњак", општина Куманово и општина Старо Нагоричане, бр.42-11547/1-14 од 27.01.2015 година (Службен весник на Република Македонија бр.15/15)

**2. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Bekim Neziri**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Градежното друштво ГРАНИТ АД- Скопје**
**со адреса:Ул. Димитрие Чуповски Бр.8 Скопје – Центар, Република Македонија**
**застапувано од лицето Страшо Милковски**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден __________ 2015 година во Скопје, склучија:**

# АНЕКС НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – БАЗАЛТ НА ЛОКАЛИТЕТОТ "ЗЕБРЊАК", ОПШТИНА КУМАНОВО И ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

## Член 1
## Предмет на Анекс на договорот

Со овој анекс на Договор се врши продолжување на концесијата за експлоатација на минералната суровина – базалт на локалитетот "Зебрњак", општина Куманово и општина Старо Нагоричане, дефинирана во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – базалт на локалитетот "Зебрњак", општина Куманово и општина Старо Нагоричане бр.24-5704/1 од 13.11.2014 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Градежното друштво ГРАНИТ АД Скопје.

Предмет на овој анекс на Договор е уредување на рокот на важење на концесијата за експлоатација и површина на просторот на кој се доделува концесијата за експлоатација.

Член 2

Рок на важење на концесијата

Рокот на важењето на концесијата од член 1 на овој анекс на Договор се продолжува за период од 10 (десет) години.

Член 3

Простор на кој се доделува концесијата

Просторот на кој е доделена концесијата од член 1 на овој анекс на Договор се наоѓа на локалитетот "Зебрњак", општина Куманово и општина Старо Нагоричане и го зафаќа просторот ограничен со точки, дефинирани со координати, точките меѓусебно поврзани со прави линии како што се дадени на топографската карта приклучена кон овој анекс на Договор во мерка М = 1 : 25 000 во Гаус-Кригерова проекција, и тоа:

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| Т-1 | 7 564 558 | 4 667 054 |
| Т-2 | 7 565 197 | 4 666 404 |
| Т-3 | 7 566 231 | 4 667 923 |
| Т-4 | 7 565 286 | 4 668 124 |
| Т-5 | 7 565 135 | 4 667 901 |
| Т-6 | 7 565 385 | 4 667 737 |
| Т-7 | 7 565 502 | 4 667 594 |
| Т-8 | 7 565 496 | 4 667 463 |
| Т-9 | 7 565 277 | 4 667 244 |
| Т-10 | 7 564 989 | 4 667 150 |
| Т-11 | 7 564 963 | 4 667 194 |
| Т-12 | 7 565 024 | 4 667 739 |

Површината на просторот на концесијата за експлоатација од став 1 од овој член изнесува P= 1,139700 $km^2$ /квадратни километри/.

Член 4

Целост на Анекс на договорот

Составен дел на овој анекс на Договор е и Топографската карта дадена во прилог на овој анекс на Договор.

Член 5

**Број на оригинални примероци**

Овој анекс на Договор е склучен во 7 (седум) еднообразни примероци, по шест примероци за Концедентот и по еден примерок за Концесионерот.

Член 6

Овој анекс на Договор влегува во сила со денот на неговото склучување од договорните страни.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА
Bekim Neziri

За Концесионерот
Градежно друштво
ГРАНИТ АД Скопје
Страшо Милковски

Изработил:м-р Александра Митреска
Контролирале: м-р Јетон Кучи
м-р Ејуп Љатифи
Согласен: Анета Димовска

# Топографска карта на концесиски простор

1:25000

Локалитет: Зебрњак-Старо Нагоричане

Минерална суровина: Базалт

Површина = 1.139700 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7564558 | 4667054 |
| 2 | 7565197 | 4666404 |
| 3 | 7566231 | 4667923 |
| 4 | 7565286 | 4668124 |
| 5 | 7565135 | 4667901 |
| 6 | 7565385 | 4667737 |
| 7 | 7565502 | 4667594 |
| 8 | 7565496 | 4667463 |
| 9 | 7565277 | 4667244 |
| 10 | 7564989 | 4667150 |

| T | Y | X |
|---|---|---|
| 11 | 7564963 | 4667194 |
| 12 | 7565024 | 4667739 |